СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА
ВОДЕЧКА МАКЕДОНСКА ДЕЛОВНА МРЕЖА

забавните игри под приход од став (2), (3), (4), (5) и (9) на овој член се подразбира приходот кој е остварен како разлика помеѓу примените уплати и извршените исплати во претходната година, намалени за посебната давачка согласно Законот за игрите на среќа и забавните игри.„

2. Во член 27 со кој се менува член 161 по став 8 се додава нов став 9 кој гласи:

- (9) Во случај кога прекршочната постапка е поведена кон правно лице кое е носител на лиценца за приредување на игри на среќа согласно Законот за игрите на среќа и забавните игри под приход од став (2), (3), (4), и (5) на овој член се подразбира приходот кој е остварен како разлика помеѓу примените уплати и извршените исплати во претходната година, намалени за посебната давачка согласно Законот за игрите на среќа и забавните игри.„

3. Во член 28 со кој се менува член 162 по став 6 се додава нов став 7 кој гласи:

- (7) Во случај кога прекршочната постапка е поведена кон правно лице кое е носител на лиценца за приредување на игри на среќа согласно Законот за игрите на среќа и забавните игри под приход од став (2), (3), (4), и (5) на овој член се подразбира приходот кој е остварен како разлика помеѓу примените уплати и извршените исплати во претходната година, намален за посебната давачка согласно Законот за игрите на среќа и забавните игри.„

Предложените дополнувања во член 26, 27 и 28 на предлог текстот за измена на законот произлегуваат од причина што оставарениот приход од страна на обложувалниците преставува разлика помеѓу примените уплати и извршените исплати, а намален со посебната давачка која приредувачите ја плаќаат согласно Законот за игрите на среќа и забавните игри. Со внесувањето на овие дополнувања, приредувачите на игри на среќа ќе бидат ставени во рамноправна положба со останатите субјекти и нема да има различни толкувања во практичната примена што се подразбира под приход кај приредувачите на игри на среќа во обложувалница. Приредувачите во овој дел се разликуваат од останатите субјекти од причина што и со самиот закон за игри на среќа е дефинирано дека истите своите давачки во висина од 20 % и 3% ги плаќаат како разлика помеѓу примените уплати и реализираните исплати.

За сите дополнителни информации, Ве молиме да нè контактирате на е-маил: info@chamber.mk или на телефон: 076 455 045, контакт лице: Маја Савеска.

Срдечно Ве поздравуваме.

Со почит,

Александар Зарков
Извршен директор
Сојуз на стопански комори на Македонија

*Подготвил:*
*Одобрил:*